Број на Службен весник: 163/2013
Датум на објавување: 26.11.2013

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 16 став 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012 , 145/2012 и 87/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.11.2013 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА**

Во Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2013) во глава VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА по табелата VII-2 Вакцини по епидемиолошки индикации, во став 1 , износот „270.000.000,00 “ се заменува со износот „„222.000.000,00“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:
„За реализација на програмата и набавка на вакцини согласно календарот за вакцинација потребни се 270.000.000,00 денари. Со постапката за јавна набавка, склучените договори и предвидената динамика на испорака со добавувачите, до крајот на 2013 година ќе се достават одредени количини на вакцини. Останатите количини на вакцини ќе се достават во првиот квартал од 2014 година кои ќе се предвидат како долгови во Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2014 година. “

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-8526/1
19 ноември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески** , с.р.